„Семејството на грантисти на Цивика мобилитас, од денес се зголеми за 22 нови членови и сега брои вкупно 115 организации“, рече Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС и Национален лидер на тимот на Цивика мобилитас на денешната промоција на новите акциски, мали и ад хок грантисти на Цивика мобилитас. Вкупно 15 организации добија акциски грантови наменети за поддршка на граѓанските организации кои сакаат да ги промовираат нивните каузи и активности со вкупен **буџет од над 27 милиони денари**
. Планираните активности ќе бидат насочени во
**повеќе сектори**
како што се: антикорупцијата, владеењето на правото, родовите прашања, медиумите, животната средина, културата, спортот и рекреацијата итн. Организациите добитници се од скопскиот, од полошкиот и од југоисточниот регион. Низ кратки видеа беа презентирани планираните активности на акциските грантисти.



На настанот беа промовирани и **пет мали акциски и два ад хок грантисти** кои низ нивните активности во фокус ќе ја стават потребата од дебата, дилемите и условите во општеството, Скопје низ очите на безгласните граѓани, Галичник, итн.

Цивика мобилитас за прв пат додели и **шест стипендии за докторанди** со кои ќе им се овозможи да го спроведат своето задолжително оригинално истражување кое е обврска за докторската дисертација на теми кои се релевантни за развојот на граѓанскиот сектор.



**Амбасадорката на Швајцарија** во Македонија, нејзината екселенција **Сибил Сутер Тејада** им ги врачи договорите на грантистите. Таа истакна дека ќе продолжи **поддршката на медиумите** и организациите кои работат со медиуми бидејќи се **важен дел од граѓанското општество**. „Се надевам дека од поблиската соработка меѓу медиумите и граѓанските организации ќе имаат придобивка и двете страни, но уште поважно е дека тоа ќе биде **придобивка за доброто владеење во земјата**.



Новата поддршката за граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество преку програмата Цивика Мобилитас започна во октомври 2014 година и ќе трае до септември 2018 година. Буџетот на програмата изнесува околу осум милиони швајцарски франци.

{slide=Добитници за акциски грантови се:}

- Здружението за заштита и унапредување на човековите слободи и права „Сведок“ за проектот **„Медиумско известување за случаите по кои постапува специјалниот јавен обвинител“**;
- Акција Здруженска за проектот **„Застапување на родово инклузивни локални буџети“**;
- Центарот за климатски промени од Гевгелија за проектот **„Зголемено вклучување на граѓанското општество во процесот на донесување одлуки од областа на животна средина“**;
- Женски форум од Тетово за проектот **„Економско зајакнување на жените во Полошкиот регион преку застапување и промовирање на нивните имотни права“**;

- Сојузот на извидници на Македонија за проектот **„Извидниците за активно општество“** ;
- Федерацијата на планинарски спортови на Македонија за проектот **„Национална кампања за подигање на свеста и значењето на туристичко-рекреативните патеки“** ;
- Центарот за современи уметности за проектот **„Урбани уметнички акции“**;
- Транспарентност Македонија за проектот **„Градење капацитети за транспарентност на грас рут организациите“** ;
- Националниот совет за родова рамноправност за проектот **„Здружени кон промени“** ;
- Македонскиот центар за женски права-Шелтер центар за проектот **„Економско зајакнување и психо-социјална поддршка на невработени самохрани мајки“** ;
- Институтот за европска политика за проектот **„Национална ЕУ дебата“**;
- Центарот за едукација и развој од Теарце за проектот **„Вмрежување и застапување на месните и урбаните заедници“** ;
- Транспаренси Интернешнл – Македонија за проектот **„Сите заедно по патот до правда“** ;
- Здружението за слободен развој на мислата САКАМ ДА КАЖАМ за проектот **„Оспособување на локалните дописници за критичко и конструктивно парнерство со локалните институции“** и
- Евро-атлантскиот совет на Македонија за проектот **„Зајакнување на младинскиот дијалог за промоција на демократските процеси во светлината на евро-атланските интеграции“** .

{/slide}

{slide=Добитници на мали акциски грантови се:}

- Здружението на граѓани за развој на критичка мисла ЛИВАДА Скопје за проектот **„Биди ИН, дебатирај!“** ;

- Центарот за развој на медиумите во заедницата за проектот **„Во очите на своите неслушнати граѓани“**
;

- Здружението за развој на месна заедница Галичник за проектот **„Галичко културно лето“** ;
- Здружението на историчари Албанци во Македонија за проектот **„Светицата од Скопје – Коресподенции“**
и

- Здружението за истражување и развој на општеството ФОРУМ ПЛУС за проектот **„Некои дилеми и состојби во нашето општество“**
.

{/slide}

{slide=Добитници на ад хок грантови се:}

- Институтот за безбедносни и мировни истражувања Карл фон Клаузевиц од Прилеп за проектот **„Прирачник за безбедни протести“** и
- Здружението за истражувања, анализи и развој Зелена лупа за проектот **„Ајде да спасиме судбини“**
.

{/slide}

{slide=Добитници на стипендии се:}

- Александар Маркоски за **„Кривичните дела од омраза-фактори и казнено-правен одговор“** ;
- Нена Неновска Ѓорѓиевска за **„Влијанието на вооружените конфликти врз бегалската криза на Блискиот исток и одговорот на земјите од Балканот“**
;

- Марија Димитровска за **„Културната траума како генератор на криза: проблемот на општествена и културна репродукција“** ;
- м-р Ана Секуловска за **„Влијанието на граѓанското општество врз креирањето на политики во образовниот систем (самооценка и патокази)“**
;

- Џемаил Лимани за **„Говорот на омраза како фактор на безбедност во Република Македонија“** и
- Ива Петрунова за **„Градот во транзиција – Социолошки, социо-просторни и архитектонски промени (примерот на Скопје)“** .

{/slide}